Бр: 03- 26/1
Скопје: 26.01.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 26.01.2022 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја разгледа Предлог - Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година и истата се одобрува под услов да е во согласност со донесеното Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 10-6 од 23.01.2019 година.

Со горенаведеното решение Комисијата за заштита на конкуренцијата оцени дека мерките за поддршка во вид на премија за производителите на електрична енергија од обновливи извори кои се стекнале со статус повластени производители на електрична енергија од обновливи извори претставуваат државна помош согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, и доделувањето на истите е дозволено **под услов** да се доделуваат согласно Насоките на ЕК за државна помош за заштита на животната средина и енергија (2014-2020), обврска која произлегува од член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош.

Притоа, Комисијата за заштита на конкуренцијата поаѓа од фактот дека донесеното решение во врска со Предлог - Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија ја квалификува помошта како шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1 од Законот за контрола на државната помош. Со оваа Уредба се предвидуваат мерки за поддршка во вид на премии кои се доделуваат на повластен производител за произведена електрична енергија за ветерна електроцентрала и фотонапонска електроцентрала. Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека во член 5 од доставената Предлог - Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година, одредувањето инсталираната моќност на фотонапонските електроцентрали да не биде поголема од 100 MW не е целосно во согласност со член 6 од Уредбата за мерките за поддршка на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 29/19) во која се предвидува дека за ваков вид на електроцентрали инсталираната моќност не смее да биде поголема од 30 MW.

Вкупниот износ на средства за реализација на Предлог – Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година е предвидено да изнесува 20.000.000 денари. Истите се наменети за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја оствариле со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија. Корисници на средства од оваа програма се производителите на електрична енергија кои што во согласност со Законот за енергетика се стекнале со право на користење на премија. Според член 6 од Предлог – Програмата, максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2022 година изнесува 15 евра/MWh за фотонапонски електроцентрали. Средствата од оваа Предлог – Програма се доделуваат врз основа на договори за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисникот на средствата.

Согласно законодавстото за државна помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека таа како институција е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош – член 10 од Законот за контрола на државната помош. Следствено на тоа на прашањето од точка 4 од Меморандумот доставен до Владата на Република Северна Македонија: дали  материјалот содржи елементи на државна помош, е избран одговорот НЕ од страна на Министерството за економија, иако како што е наведено погоре мерките за поддршка во вид на премии од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата со решението бр. 10-6 од 23.01.2019 година се квалификуваат како државна помош согласно законодавството за државна помош. Потенцираме дека Комисијата за заштита на конкуренцијата има надлежност да оцени дали одредени мерки конципирани од страна на давателите на државна помош претставуваат државна помош и се во согласност со законодавството за државна помош и како тавки дозволени за имплементирање од страна на давателите на државна помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. д-р Владимир Наумовски**